Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), и „Службен весник на Република Северна Македонија" 96/19 и110/19 ), како и врз основа на член 50 став 6 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/2019) министерот за образовани и наука донесе скратена наставна програма по наставниот предмет *музичко образование* за второ одделение на деветгодишното основното образование за учебната 2020/2021 година

СКРАТЕНА НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

## II Одделение

Август 2020 година

ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

## 1. Вовед

Скратената наставна програма по предметот *музичко образование* се базира на целите/очекуваните резултати предвидени со наставната програма за наставниот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратената програма се утврдуваат определени теми и наставни единици што треба да се реализираат за 159 наставни денови, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, 2 часа неделно, односно вкупно 64 часа.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите/очекуваните резултати, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма.

## 2. Преглед на теми и наставни единици

| **Тема 1: ИЗВЕДБЕНИ АКТИВНОСТИ (30 ЧАСА)** |
| --- |
| **Наставни единици:**<br><br>1. Вежби за правилно дишење<br>2. Игра „Дуваме балони“<br>3. Вежби за правилно држење на телото при пеење<br>4. Дишеме правилно<br>5. Вежби за пеење кратки целини (мотиви, фрази)<br>6. Пеење кратки мотиви (слуховно пеење) со правилно дишење<br>7. Пеење кратки мотиви (слуховно пеење) со правилно дишење и држење на телото при пеење во опсег С1 -а1<br>8. Повторување на мотивите и фразите со иста и различна (спротивна) јачина, со текст и на неутрален слог „на“<br>9. Пеење свои имиња<br>10. Пеење со ритмичка придружба (плескање со раце, тропкање со нозе, ритмички ДМИ)<br>11. Обработка на детски песни со опсег с1 – а1 по слух |

12. Обработка на уметнички песни со опсег c1 – a1 по слух
13. Обработка на народни песни со опсег c1 – a1 по слух
14. Изговарање и дискусија за текстот на песната (содржина, непознати зборови, карактер)
15. Меморирање на текстот на песната
16. Пеење по фрази, реченици и строфи
17. Изговарање на бројалки со одреден ритам: бавно-брзо-умерено
18. Ритмизирање на бројалки со примена на детски ритмички инструменти (тропалки и стапчиња)
19. Брзозборки - изговарање на брзозборки со јасна дикција.
20. Игри со примена на бројалки и брзозборки.
21. Изработка на дајре, ѕвончиња и барабанче (од амбалажа, цевки, ластичиња, природен материјал и сл.)
22. Изведување кратки ритмички целини со плескање со раце и тропање со нозе
23. Изведување кратки ритмички целини со дајре, ѕвончиња и барабанче
24. Изведување кратки ритмички целини со дајре, ѕвончиња и барабанче, плескање со раце и тропање со нозе
25. Изведба на музичко ритмички чекорења - комбинирање на чекорења и потскокнувања
26. Се движиме соодветно на ритамот во музиката
27. Изведба едноставни танци со различни движења и во различни насоки
28. Изведба едноставни ора со различни движења и во различни насоки
29. Музичко изразување и творење (музички игри)
30. Музичко изразување и творење (драматизации)

**Тема 2: СЛУШАЊЕ МУЗИКА – (28 ЧАСА)**

**Наставни единици:**

1. Слушање музички примери од вокална музика
2. Слушање музички примери од вокална музика и воочување на видот на изведбата (само гласови)
3. Разговор за гласовите (детски, машки, женски)
4. Воочување на брзината: брзо, бавно

5. Воочување на брзината: брзо, бавно, умерено
6. Воочување на јачината: тивко, јако
7. Слушање музички примери од инструментална музика и разговор
8. Слушање музички примери од инструментална музика и воочување на видот на изведбата (само инструменти)
9. Разговор за инструментите (исти, различни), дали свири сам или свират заедно
10. Слушање музика и воочување на брзината: брзо, бавно,
11. Слушање музика и воочување на брзината: брзо, бавно, умерено
12. Слушање музика и воочување на јачината: тивко, јако
13. Слушање музички примери од вокално-инструментална музика
14. Слушање музички примери од вокално-инструментална музика, воочување на видот на изведба (заедно глас/гласови и инструмент/инструменти)
15. Слушање вокално-инструментална музика и воочување на брзината: брзо, бавно
16. Слушање вокално-инструментална музика и воочување на брзината: брзо, бавно, умерено
17. Воочување на јачината: тивко, јако
18. Слушање на делото „Мала ноќна музика" 1 став, фрагмент- В.А.Моцарт
19. Слушање на делото Моцарт - Адаџо од Концертот за кларинет (фрагмент) https://www.youtube.com/watch?v=yLV8VH98pL0
20. Слушање на делото Арија на Папагена и Папагено – В. А. Моцарт
21. https://www.youtube.com/watch?v=87UE2GC5db0&feature=share&fbclid=IwAR3fcTwdG2u0wqXKqjS2jLnM4B_ro6s4fXD4EPh1WOKNszKdctxOU8KsEn4
22. Разговор за карактерот на слушаното дело (весел, тажен игрив, шегобиен)
23. Разговор за карактерот на слушаното дело (весел, тажен игрив, шегобиен), поврзување на карактерот со насловот на композицијата
24. Слушање на делото Мусоргски: Балетот на неиспилените пилиња (оркестар) https://youtu.be/_HPtSftZ3b0
25. Воочување на конкретните карактеристики на слушаните дела (инструмент, глас, состав, брзина, јачина)
26. Слушање и пеење народни песни

27. Слушање и играње народни ора
28. Слушање народни инструменти

| Тема 3: МУЗИЧКА ПИСМЕНОСТ – (6 ЧАСА) |
| --- |
| **Наставни единици:**<br>1. Слушање музички изведби и преку движење на телото изразување основни видови темпо (бавно, брзо и умерено).<br>2. Претставување на умерено движење преку симболи и споредување со бавно и брзо движење<br>3. Запознавање со елементите на нотното писмо: петолиние, виолински клуч, знак за нота<br>4. Визуелен приказ на ноти со различна висина<br>5. Визуелен приказ на ноти со различна висина и вредност на петолиние<br>6. Вежби за визуелно препознавање на тоновите сол1 и ми1 на петолиние |

## 3. Дидактички препораки

Наставните содржини по музичко образование овозможуваат корелација и интегрирање со сите наставни предмети кои се изучуваат во трето одделение.
Препорака за користење на годишниот фонд на часови од оваа скратена наставна програма по музичко образование во трето одделение е: ИЗВЕДБЕНИ АКТИВНОСТИ (пеење, свирење на детски музички инструменти и музичко изразување и творење) – 30 часа; СЛУШАЊЕ МУЗИКА – 28 часа; МУЗИЧКА ПИСМЕНОСТ – 6 часа

Појдовна основа за реализација на скратената наставна програма по наставниот предмет *музичко образование* е редовната наставна програма (конкретните цели, поими, предложените активности, методи, предложените наставни средства).

Најефикасни методи на учење во наставата по *музичко образование* се оние методи кои учениците ги ставаат во адекватна активна позиција во процесот на стекнување на знаења и вештини. Тоа значи дека секој ученик/ученичка треба да се опушти и активно да учествува во изведбени активности, слушањето музика и усвојувањето на основите на музичката писменост. Ефикасната реализација на наставните единици во оваа наставна програма доста зависи од примената на интегрираниот приод. Тоа значи дека при планирањето на дневната тема /часовите по *музичко образование* максимално се користат можностите за интегрирано поврзување со наставните предмети: мајчин јазик, математика, општество, ликовнообразование и физичко и здравствено образование. Поаѓајќи од целите на учењето, секогаш кога е можно, во процесот на учењето треба да им се овозможи на учениците избор на различни активности и содржини согласно со нивните субјективни интереси.. Потребно е наставникот да креира ситуации на учење во кои ќе дојдат до израз различните активности што овозможуваат различни начини на учење, користење на различни средства, материјали и извори на учење.

**4. Норматив за наставен кадар**

Скратената наставна програма ја реализира наставник согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната наставна програма.

Скратената наставна програма по предмет *музичко образование* за второ одделение на деветгодишното основното образование ја утврди

Арх. Бр. 12-8424/219
16.09.2020

Министер за образование и наука
Мила Царовска